**ПРАВИЛНИК ЗА НОМИНИРАЊЕ, ИЗБОР И ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА И ПОФАЛЕНИ УЧЕНИЦИ**

# ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран

Август,2021

Врз основа на одредбите на Правилникот за оценување, напредување, видовите на пофалби и награди за учениците во основното училиште, Наставничкиот совет на ООУ „Кочо Рацин“ – Нов Дојран, на седницата одржана на ден 31.08.2021 година донесе

# ПРАВИЛНИК

За избор на Првенец на генерација и пофалени ученици во ООУ „Кочо Рацин“ – Нов Дојран

## ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат:

1. Критериумите и начинот на номинирање на ученик на генерацијата;

2. Критериумите и начинот на избор на ученик на генерацијата;

3. Критериумите и начинот на избор на пофалени ученици.

### Член 2

Постапката за избор на првенец на генерација почнува да тече по објавувањето на интерниот конкурс што се истакнува на огласната табла во училиштето. Конкурсот по правило се истакнува во првата недела од месец мај и трае 10 работни дена.

### Член 3

Предлог на ученик -кандидат за првенец на генерација може да даде: раководител на паралелка, предметен наставник, стручен соработник и директор или учениците од деветто одделение.

**Член 4**

Комисијата за избор на ученик на генерацијата и пофалени ученици се формира од страна на Наставничкиот совет најдоцна до месец мај и е со траење од една година.

**Член 5**

Комисијата за пофалби и награди ја избира Наставничкиот совет на училиштето. Комисијата за избор на Првенец на генерацијата треба да има 3 члена од редот на предметните наставници, одделенските наставници и стручната служба:

- **предметен наставник** - наставник кој предава или предавал во целата генерација но не е одделенскираководител;

- **одделенски наставник** – наставник кој предавал вогенерацијата;

- **стручен соработник**;

Во работата на Комисијата учествува по еден ученик од осмо и деветто одделение како претставници на Ученичката заедница, односно Ученичкиот парламент.

Учениците ја следат работата на Комисијата.

Предлозите и забелешките од страна на учениците се дел од записникот на Комисијата за пофалби и награди.

**Член 6**

Изборот на ученик на генерација и пофалени ученици ќе се изведе по пат на рангирање. Прворангираниот ученик се прогласува за ученик на генерација, а останатите рангирани се пофалени ученици.

**Член 7**

Секој предложен кандидиран ученик е должен до Комисијата за пофалби и награди да донесе пријава и документација предвидена на конкурсот.

**Член 8**

Комисијата за пофалби и награди ја разгледува целокупната документација на пријавените кандидати, ги применува одредбите од член 11 и 12 од овој Правилник, утврдува кандидатска листа за избор на ученик- Првенец на генерација со бодовна листа и истата ја доставува до Наставничкиот совет.

**Член 9**

Одлуката за прогласување на ученик за Првенец на генерација, ја донесува Наставничкиот совет на крајот на наставната година.

**Член 10**

За Првенец на генерација може да биде прогласен ученик којшто покажува примерен однос во училиштето и надвор од него: покажува континуиран одличен успех по сите наставни предмети, постигнува успеси на натпревари, активно учествува во слободните ученички активности, покажува активности во работата на ученичките организации, има освоено награди, дипломи, признанија и сл.

**Член 11**

Номинирање накандидати за ученик на генерацијата и пофалени ученици се дава врз основа на следнивекритериуми:

- Континуирано примерно поведение од 1 до 9 одделение;

- Континуиран одличен успех (5.00) од 1 до 9 одделение;

- За учество на училишни, регионални, државни, меѓународни натпревари и слободните ученички активности, ако тоа се докаже со соодветен документ;

- За добиени награди, дипломи, пофалници, благодарници или признанија во текот на основното образование, (од прво до деветто одделение);

- Да не бил казнуван со педагошка мерка од било кој вид во текот на школувањето воучилиштето;

- Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за учество во активности, промоции и проекти за унапредување научилиштето;

- Мислење од одделенски совет – секој присутен наставник член на одделенскиот совет за IX одделение може да даде само еденглас;

- Редовност во наставата – неоправданите изостаноци заведени во свидетелствата од I-IX одделение се земаат во предвид прибодувањето.

**Член 12**

Ученикот што е прогласен за Првенец на генерација добива посебна диплома, а во зависност од можностите на училиштето и некоја вредна награда. Истата му се врачува на денот на доделување на сведителствата за завршено основно образование.

**Член 13**

Кандидатите за ученик на генерација и пофалени ученици мора да ги поднесат потребните документи до училишната комисија за прогласување на ученик на генерација и пофалени ученици, до одредениот рок од страна на Комисијта а најдоцна една недела пред завршувањето на наставната година.

**Член 14**

При изборот на Првенец на генерацијата и пофалени ученици, Училишната комисија за избор на ученик на генерација и пофалени ученици, користи инструмент за бодување врз основа на критериумите за избор на кандидати за ученик на генерацијатаи пофалени ученици.

Инструментот за бодување е составен дел од овој Правилник, и е даден како Анекс.

**Член 15**

Првопласираниот кандидат, односно кандидатот со најмногу поени се прогласува за ученик на генерацијата, а останатите рангирани се пофалени ученици во генерацијата IX одделение.

**Член 16**

Доколку се појават два или повеќе кандидати со ист број поени, во тој случај се земаат во предвид работните оценки од последната или сите учебни години од IV до IX одделение. Во ваков случај се вклучува и дополнителен индикатор- континуираност во учењето за кој е изготвен дополнителен инструмент кој е составен дел на овој Правилник, и е даден како Анекс.

**Член 17**

Училишната комисија треба да го направи изборот на Ученик на генерација и пофалени ученици најдоцна до 15 јуни во тековната година. Резултатите од изборот на Ученик на генерација и пофалени ученици се соопштува на Наставничкиот совет од страна на претседателот на комисијата.

**Член 18**

Наставничкиот совет го потврдува изборот на Ученик на генерацијата и пофалени ученици. Директорот на училиштето на свеченост организирана по тој повод, ги доделува дипломата за Ученик на генерација и пофалниците за останатите рангирани ученици. Учениците коишто не се прворангирани можат да поднесат приговор до Наставничкиот совет во рок од 3 дена од денот на усвојувањето на изборот на Ученик на генерацијата и пофалени ученици од страна на Наставничкиот совет.

**Член 19**

Наставничкиот совет го разгледува приговорот и дава одговор по истиот во рок од 3 дена.

**Член 20**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на Наставничкиот совет на училиштето.

**Член 21**

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување.

**Член 22**

Со примената на одредбите на овој Правилник се постигнува поголема објективност при номинацијата на кандидати за изборот на Ученик на генерацијата и пофалени ученици.

Директор:

Мирослав Бошнаков

**Анекс 1**

**Име и презиме на ученикот-кандидат**___________________________________________________

| **Индикатори на успешност** | | | | | | | | | | **Поени на ученикот-кандидат** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Учество и награди на индивидуални натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН и интернационални натпревари за афирмација на училиштето** | | | | | | | | | | |
| **1.1** | **Општински натпревари** | Освоено пофалница (за секоја помножено по 1) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 3) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 4) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 5) | поени | |
| **1.2** | **Регионални натпревари** | Освоено пофалница (за секоја помножено по 3) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 6) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 8) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 10) | поени | |
| **1.3** | **Државни натпревари** | Освоено пофалница (за секоја помножено по 10) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 15) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 20) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 30) | поени | |
| **1.4** | **Меѓународни натпревари** | Освоено пофалница (за секоја помножено по 30) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 35) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 40) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 50) | поени | |

<table>
<tr><td colspan="7">Индикатори на успешност</td><td>Поени на ученикот кандидат</td></tr>
<tr><td colspan="8">2. Учество во воннаставни активности за афирмација на училиштето</td></tr>
<tr><td rowspan="2">2.1</td><td rowspan="2">Учество во манифестации</td><td>Манифестации во рамките на одделението</td><td>Манифестации во рамките на училиштето</td><td>Манифестации на локално ниво</td><td>Манифестации на национално ниво</td><td>Манифестации на интернационално ниво</td><td rowspan="2"></td></tr>
<tr><td>1 поен</td><td>2 поени</td><td>3 поени</td><td>4 поени</td><td>5 поени</td></tr>
<tr><td colspan="8"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">2.2</td><td rowspan="2">Учество во проекти</td><td>Проекти во рамките на одделението</td><td>Проекти во рамки на училиштето</td><td>Проекти на локално ниво</td><td>Проекти на национално ниво</td><td>Проекти на интернационално ниво</td><td rowspan="2"></td></tr>
<tr><td>1 поен</td><td>2 поени</td><td>3 поени</td><td>5 поени</td><td>10 поени</td></tr>
<tr><td colspan="8"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">2.3</td><td rowspan="2">Учество во слободни ученички активности и додатна настава</td><td colspan="2">За секоја секција за која кандидатот ќе приложи препорака од предметниот наставник дека редовно ја посетувал и постигнал некаков успех;<br>* Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставник на слободните ученички активности, за што и самиот наставник има доказ.</td><td colspan="3">За додатна настава за која кандидатот ќе приложи препорака од предметниот наставник дека редовно ја посетувал и постигнал некаков успех;<br>* Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставник на слободните ученички активности, за што и самиот наставник има доказ.</td><td rowspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">3 поени</td><td colspan="3">3 поени</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.4** | **Учество во литературни и ликовни конкурси на општинско ниво** | **<u>Учество во литературен конкурс</u>** | **<u>Учество во ликовен конкурс</u>** | |
| | | | | |
| | | Освоено трето место – 1 поени | Освоено трето место – 1 поени | |
| | | Освоено второ место – 2 поени | Освоено второ место – 2 поени | |
| | | Освоено прво место – 3 поени | Освоено прво место – 3 поени | |
| **2.5** | **Учество во литературни и ликовни конкурси на национално ниво** | **<u>Учество во литературен конкурс</u>** | **<u>Учество во ликовен конкурс</u>** | |
| | | Освоена пофалница – 1 поен | Освоена пофалница – 1 поен | |
| | | Освоено трето место – 3 поени | Освоено трето место – 3 поени | |
| | | Освоено второ место – 5 поени | Освоено второ место – 5 поени | |
| | | Освоено прво место – 10 поени | Освоено прво место – 10 поени | |
| **2.6** | **Учество во литературни и ликовни конкурси на меѓународно ниво** | **<u>Учество во литературен конкурс</u>** | **<u>Учество во ликовен конкурс</u>** | |
| | | Освоена пофалница – 10 поен | Освоена пофалница – 10 поен | |
| | | Освоено трето место – 15 поени | Освоено трето место – 15 поени | |
| | | Освоено второ место – 20 поени | Освоено второ место – 20 поени | |
| | | Освоено прво место – 30 поени | Освоено прво место – 30 поени | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Индикатори на успешност** | | | Поени на ученикот - кандидат |
| **3. Континуитет во учењето и поведението од четврто до деветто одделение** | | | |
| **3.1** | Континуиран одличен успех (5.00 – среден просек) од четврто до деветто одделение | 20 поени | |
| | | | |
| **3.2** | Континуирано примерно поведение од прво до деветто одделение | 10 поени | |
| | | | |
| **3.3** | Најмал број на оправдани изостаноци во деветто одделение | 5 поени | |
| | | | |
| **3.4** | Неоправдани изостаноци (Вкупен број на неоправдани изостаноци заведени во свидетелствата од IV до IXодделение помножено со 1)<br>* Вкупниот број освоени поени од овој индикатор се одземаат од бројот на поени освоени со претходните индикатори на успешност. | Вкупно минусни поени:<br>___________ | |

| Индикатори на успешност | | | | | Поени на ученикот - кандидат |
|---|---|---|---|---|---|
| **4. Мислење од Одделенски совет** | | | | | |
| **4.1** | Вкупен број на наставници присутни на Одделенскиот совет | | Вкупен број на наставници кои гласале за ученикот помножено со 1 | | |

| **Вкупен број на освоени поени:** | **_____________ поени** |
|---|---|

**Датум**

_____________________

**Членови на комисија:**

**Претседател**

________________________________

**Членови:**

________________________________

________________________________

________________________________